


Во организација на ОК на ВМРО–ДПМНЕ од Радовиш, на 27 август 2020 година, се одржа традиционалната 30–та по ред јубилејна Комитска вечер.

Традиционално, Комиската вечер се одржа во очи на големиот македонски христијански празник „Пресвета Богородица“, во манастирската црква „Св. Ѓорѓи Победоносец“ во с. Ораовица.




Пред присутните членови и гости, се обрати претседателот на ОК ВМРО-ДПМНЕ во Радовиш г. Станко Манчевски кој го истакна задоволството од одржувањето на оваа

јубилејна Комитска вечер, која, поради строгите протоколарни безбедносни мерки поради короната кризата, се одржува поскромно и со скратена програма. Беше одслужена панихида за сите паднати борци, поранешни и сегашни, кои животите ги положија на олтарот за слободна  и независна Македонија.

Според заветот на основачите на ВМРО–ДПМНЕ од Радовиш од далечната 1990 година, било одлучено, во духот и традицијата кои ги негувале старите комитски дружини на тогашното ВМРО, да продолжи ова дружење како восклик, но и повик, за единство на сите членови на тогаш новоформираната партија ВМРО-ДПМНЕ за стабилност и напредок на ново прогласената Република Македонија во 1990 година.

Исто така, **Ветераните, сите членови и симпатизери собрани на оваа јубилејна Комитска вечер во Македонското светилиште во Радовиш му дадоа целосна поддршка на раководството на ВМРО-ДПМНЕ и Претседателот Христијан Мицкоски, во одбрана на ВМРО-ДПМНЕ, националните интереси на нашата Македонија и Аманетот.**

На Тие кои се обидуваат да и наштетат на Партијата, им беше порачано дека сплотеноста во ВМРО ДПМНЕ е преголема за да го попречат успешниот пат на Партијата по кој ја води претседателот Христијан Мицкоски.

Вечно ВМРО-ДПМНЕ!

Вечна Македонија!

ОК на ВМРО-ДПМНЕ

**Радовиш, 27 август 2020 *г.***


ОК ВМРО-ДПМНЕ
РАДОВИШ
1893 - 1990
ВМРО-ДПМНЕ


ТРАДИЦИОНАЛНА КОМИТСКА ВЕЧЕР
манастир „Св. Ѓорги“ с.Ораовица
ВМРО
ОК ВМРО-ДПМНЕ
РАДОВИШ
1893 - 1990
ВМРО-ДПМНЕ


НОВИОТ ЗАВЕТ


ТРАДИЦИОНАЛНА КОМИТСКА ВЕЧЕР
манастир „Св. Ѓорги" с.Ораовица




ВМРО-ДПМНЕ
РАДОВИШ


ОК ВМРО-ДПМНЕ
РАДОВИШ


ТРАДИЦИОНАЛНА КОМИТСКА ВЕЧЕР
манастир „Св. Ѓорѓи" с.Ораовица
ВМРО



